# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021

Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица

**“ХРАНА ЗА СИТЕ – БАНКА ЗА ХРАНА МК“ Скопје**

**Јануари 2022, Скопје**

# Вовед

**БАНКА ЗА ХРАНА МАКЕДОНИЈА (БХМК)** е хуманитарна, непрофитна организација посветена на намалување на сиромаштијата и гладта во Република Северна Македонија преку акции за „спасување“ на вишоците безбедна храна и нејзина ре-дистрибуција до социјално загрозените и ранливи категории на граѓани. ФБМК е официјално основана во јануари 2011 година и оттогаш, дејствува како придружна членка на Европската Федерација на Банки за Храна (ФЕБА).

„Храна за сите – Банка за Храна МК - БХМК“ има мисија и цел да се бори против гладот и недостигот од храна во Р.С.М, со цел активно да придонесе во борбата на општеството за намалување на сиромаштијата посебно гладоти загубите во храна.

Целокупното делување на организацијата е посветено на: создавање синџир од граѓани-волонтери, производители на храна, земјоделци, претставници на прехранбената индустрија, на супермаркетите, со чија што помош, БХМК, во посредство со официјалните институции надлежни за креирање на социјалните политики; Центрите за социјални работи и установи, народните кујни, хуманитарните организации, собира, складира, евидентира и неодложно навремено и доследно дистрибуира донирана храна наменета за финансиски немоќните и ранливи категории на граѓани.

БХМК е посветена на развивање политики на застапништво за социјално загрозените граѓани во остварување на нивното правото и основна потреба – храната.

Во 2018 година организацијата почна со ново поглавје во своето работење отпочнувајќи со најголемиот проект (и единствен како Банка за храна во Југоисточна Европа) со наслов **В-С-С Ефект** - зајакнување на капацитетите и подобрување на надлежностите за вистинско ублажување на (со храна) сиромаштијата поддржан од Европската Унија.

Овој проект ја постави Банката за храна МК на водечкото место помеѓу бројните граѓански организации кои работат во полето на помош, поддршка и сервис на граѓаните во своите средини, а воедно и како организација во рамки на горе споменатиот проект отпочна поставување на темелите т.е. надградба на поранешните, градејќи ја Коалиција против гладот и фрлањето храна која на крајот од 2018 година броеше 19 граѓански организации.

Во оваа 2021 година се здобивме и со неколку за нас заначајни образовни, општествено јавни институции и организации кои банкарстовто со храна го прифатија како модел на подигање на јавната свест за гладот, сиромаштијата и секако појавата на вишоци корисна и здрава храна кои завршуваа на ѓубриштата низ целата држава.

Тука би ги навеле потпишаните Меморандуми за соработка со Општина Новаци, Општина Штип, Општина Јегуновце, Платформата за Зелен Развој, ЛГБТ Јунајтед Тетово, ИНКЛУЗИЈА Охрид и РЦЗ Делечево.

Во оваа 2021 продолжи стратешко партнерство со Мисијата на Баптистичката Црква од Соединетите Американски Држави во Македонија – ЦБФ Македонија, партнерство кое во оваа година резултира со обезбедување (купување) локација-плац во Општина Ѓорче Петров нас. место Волково за изградба на заедничко складиште и административен простор (за свои потреби) за потребите на двете организации.

Несмомнено дека во 2021 со Инситуционалната помош и поддршка од страна на Цивика Мобилитас програмата завзема пиедестално место во работата на нашата организација, која продолжува и во текот на првата половина и во наредната година.

# Реализирани проекти во текот на 2021

## Проект: ВСС Ефект - зајакнување на капацитетите и подобрување на надлежностите за вистинско ублажување на (со храна) сиромаштијата поддржан од Европпската Унија.

Општа цел на ВСС Ефект проектот е да создаде основни услови кои ќе поттикнат носење на законска регулатива која ќе го превенира и редуцира фрлањето на храна. Проектот е фокусиран на: (1) јакнење на капацитетите на партнерските организации на Банката за храна и, (2) подигнување на јавната свест за темите: фрлање храна и недостиг од храна. (https://wsseffectmk.org/)

Како главен приоритет кој си го поставивме во овој проект е "Помалку храна но отпад - помалку глад" и истиот е дизајниран со намера да создаде подобри услови за поуспешно банкарство со храна во земјата.

**Цели и активности**

(1) Јакнење на капацитетите на над 15 локални граѓански организации (ГО) од мрежата за банкарство со храна - Коалиција против гладот и фрлањето храна;

(2) Трансфер на знаење, инспирирање на промена во однесувањето, мобилизација на различни целни групи во заедничка акција против фрлањето храна;

(3) Застапување за промена и/или носење на нови регулативи за соодветна превенција и намалување на фрлањето храна, вклучително и за "спасување" и ре-дистрибуција на вишоци храна до најсиромашните граѓани во земјата.

**Партнери**

Проектот е финансиран преку ИПА програмата за граѓански организации и медуми 2016-2017. „ВСС Ефект" го спроведуваат: Здружение „Храна за сите - Банка за храна МК", Организација на жени од Струмица, СИБАХЕ - Словенечката Банка за храна и Европската Федерација на Банки за Храна (ФЕБА).

***Остварувања во рамки на ВСС Ефект проектот во 2021 година:***

- **Изработена и издадена публикацијата со наслов: "ФРЛАЊЕ ХРАНА, ВИШОК ХРАНА, ЕКСПЕРТСКИ КОМЕНТАР" - пораки и препораки за унапредување на Банкарството со храна во земјата** во рамки на ВСС Ефект проектот
- **Изработена и издадена публикацијата со наслов: Како да ја спасиме храната од фрлање "Младински готвач" Банкарство со храна – Збирка големи и мали идеи –** во чии рамки се вградени предлозите, ставовите и искуставата на младите околу идејата за давање одговор на прашањето "Како да се спаси храната од фрлање;
- Реализиравме настан и се изработи видео запис со **наслов "Готвиме со децата" од Битола** преку кој самите дечиња ги подготвуваа пакетите и порциите со храна за над 100 лица до Битола и околината.
- Реализиравме една од најголемите хуманитарни акции во нашето општество со наслов **#WeStandTogether** – споделивме 1620 прехранбени пакети, 6480 заштитни маски и 1620 средства за дезинфекција во 20 општини доставено до 1620 семејства во заедничка акција со над 18 граѓански организации – КОР Скопје, Еурохуманинтернационал Скопје, ЛГБТ Јунајтед Тетово, НРЦ Куманово, Фондација за развој на локалната заедница Штип, Хаус оф Хопе Велес, РЦЗ Делечево, КХАМ Делчево- Берово, Инклузија Охрид и Струга, Радика РЕ Дебар, ГИЖ Свети Николе, Златно Перо Битола, ЦГИ Прилеп, ДРИТА АГВ Гостивар, Младинска Алијанса Тетово, БИРЛИК ЈЕКИПЕ Велес за Неготино, Новинари за Човекови Права Скопје за Ресен и Еко-живот Кавадарци
- Изработен броен промотивен материјал, маици, промотивни картички, флаери, поврзан со активностите на ВСС Ефект проектот.

## Проект: Институционална поддршка за зајакнување на капацитетите и поддршка на програмата на организацијата Храна за сите Банка за храна МК во рамки на Институционален грант поддржан од програмата на Цивика мобилитас 2020-2022.

***Целта на поддршката и реализација на планираните клучни активности се насочени кон:***

- **Подобрување на политики за управување со вишокот на храна и поволно опкружување за непрофитните оператори кои работат со донирани вишоци на хана**
  - Подготовка на предлог Стратегијата за управување со вишокот храна
  - Подготовка на предлог Правилник за процедурите за издавање на дозволи за непрофитни оператори со донирани вишоци храна

- **Интерконекција на граѓанскиот сектор со надлежните институции, бизнис секторот и граѓаните со цел креирање на силен сектор, активни граѓани и одговорна власт.**
  - Зголемување на капацитетите на членовите на органзацијата и другите организации на локално ниво
  - Изработка на Локален план за развој и имплементација на дел од одредбите од Стратегијата за управување со вишокот храна, посебно во делот на обврските на Локалните институции кои се однесуваат на помош и поддршка на социјално ранливите групи на граѓани
  - Обезбедување средства во соработка со бизнис секторот и локалните власти за самоодржливост на организацијата во рамки на заеднички подготвен план за лобирање, застапување и поддршка на БХМК и локалните подружници на организацијата во Кавадарци, Битола и Охрид.
  - Зголемување на бројот на членови, активисти и волонтери во организацијата
  - Зголемување на видливоста на организацијата на терен со етаблирање – востановување локални подружници на БХМК во Кавадарци, Битола и Охрид

- **Активна соработка со сите сектори во општеството, при реализацијата на Стратешката програма на организацијата и градење на нејзините капацитети но и Коалициските партнери на локално и нациоанално ниво**
  - Унапредени вештините и комуникацијата за поголема видливост на организацијата, но и на членките на ВСС Ефект Коалицијата
  - Формирана Коалиција против гладот и фрлањето храна, плус минимум три Локални банки за храна

- **Активно вклучување на граѓанските организации на локално и национално ниво во креирањето на политики и носењето на одлуки во корист на заедницата и општеството во целина, секако и засегнатите страни.**

Вкупна поддршка за реализација на Програмата на организацијата од страна на Цивика мобилитас за двогодишниот грант изнесува **4.000.000,00 денари.**

***Реализирани активности во рамки на Институционалната поддршка на Цивика мобилитас во 2021 години:***

- **Финализиран Акцискиот план за организациски развој на Банката за храна Македонија со помош на избрана Менторка од страна на Цивика мобилитас**
- **Поддршката на Цивика мобилитас видно се огледа во сите публикации кои се изработија и издадоа во текот на 2021 година**
- **Со поддршка на Цивика мобилитас нашата организација успеа да се брендира со уникатни работни елеци и маци и со тоа да добие на своја визуелна препознатливост во јавноста**
- **Учество на сите Форуми и средби во организација на Цивика мобилитас како и средби во организација на МЦМС**
- **Учество на Националниот Форум „Управување со цврст отпад/депонии потреби наспроти можности” во организација на Цивика мобилитас**
- **Активно учество на Фестивалот на Цивика мобилитас “Ден на Граѓански организации“**
- **Бевме дел од изданието ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНИ Бр.8 со акцент на одбележување на 10 годишнината од постоењњето на Банката за храна Македонија**
- **За прв пат во 10 години постоење со поддршка од Цивика мобилитас на нашата организација успешно се реализира Независна Ревизија на целокупното материјално и финансиско работење за 2020 година**
- **Благодарејќи на Цивика мобилитас успеваме да пттикнеме и ангажираме бројни волонтери студенти од Универзитетот УКИМ во Скопје**
- **Користејќи го моментумот на поддршка од страна на Цивика мобилитас учествуваме на првата Регионална Конференција со наслов “Банките за храна како механизам за одржливо управување со вишоците храна“ во организација на Банка за храна Ниш, во Ниш, Република Србија ( јули 2021)**
- **На наша иницијатива ден пред Конференцијата се реализира заедничка средба на Банките за храна од Босна и Херцеговина, Федерацијата на банки за храна Србија, Банката за храна Македонија и како домаќин Банката за храна Ниш, каде се поставија основите за една Платформа на Балаканските Банки за Храна.**
- **Со значителен придонес и Институционална поддршка од членовите на Цивика мобилитас, МЦМС и секако поддршка ( дел) во рамки на Институционалниот грант ја реализиравме најголемата хуманитарна акција 1620 прехранбени пакети, 6480 заштитни маски и 1620 заштитини хигиенски средства во 20 општини во нашата држава во рамки на Кампањата со наслов #WeStandTogether (мај 2021)**
- **Конечно реализирваме две средби на Банкарите со храна од Скопје, Битола, Кавадарци и Штип (во Охрид - февруари 2021 и во Дојран – септември 2021)**
- **Институционална поддршка (дел) од Цивика мобилитас беше и во рамки на уште една голема хуманитрана акција поддржана од страна на Владата на РСМ – Финансиска поддршка на организации и фондации 2021, со наслов #СТОИМЕЗАЕДНОПРОТИВКОВИД19 која се реализира во декември 2021, поделивме 500 пакети за исто толку семејства во 8 општини, Скопје – Центар и Чаир, Велес, Куманово, Штип, Битола - Новаци, Делчево и Кавадарци.**
- **Изработен е броен промотивен материјал и споделен со јавноста, а не заостанавме и од продукција на видео записи за дел од нашите активности.**

## Проект: 1620 пакети за 1620 семејства во 20 општини (ревидиран во 8 општини) во рамки на повикот на Владата на Република Северена Македонија: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ 2021, по приоритетна цел: Справување со светската пандемија предизвикана од Корона вирусот COVID 19




Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

**Во ова време во кое сите живееме, во време кога покрај здравствениот проблем со кој се соочени сите, па и нашето општество, време во кое се помалку се донациите во храна бидејќи економската моќ на граѓаните е во постојан пад, една огромна донација е сигнал и можност да се помогне на поголема група наши сограѓани во социјален ризик.**

**Потребата од помош на фамилиите во социјален ризик, во овие кризни моменти - ситуација и после една година од пандемијата со која скоро сите сме добро запознаени, и за која никој со сигурност не може да предвиди до кога ќе трае, кога голем дел од граѓаните кои и пред кризата беа погодени сега се уште повеќе. Тие беа и во моментот се САМО НЕМИ посматрачи на нас, дел од грѓанството кое "може да си дозволи" барем малку "резерви" за црни денови како ги празниме рафтовите во маркетите, уште повеќе го прави притисокот поголем за тие наши сограѓани три пати погодени, а немаштијата во која се наоѓаат тие, нивното утре им го прави уште понесигурно - безнадежно, бидејќи најчесто поставувано прашање кое им се врти во нивните мисли е "Што ќе се јаде утре?"**

**Општа цел на овој предлог проект беше обезбедување директна и навремена помош во храна и хигиенски средства за фамилиите во социјален ризик во - Скопје, Куманово, Кавадарци, Битола- Новаци, Велес, Делечево и Штип, како и други градови ќе се прикаже сплотеноста и синергијата помеѓу самите организации, кои во текот на акцијата ќе се наметнат како сериозни партнери на Локалните институции во директна помош на фамилиите во социјален ризик, како и внимателен и сериозен партнер – сервис на самите граѓани погодени и уплашени од оваа криза која не се знае кога ќе заврши.**

**Едукација и ангажирање волонтери во планираните акции и активности, како и информирање на самите корисници за опасноста и мерките кои мора да се превземат од нивна страна за нивна и заштита на нивните блиски.**

**Акцијата се реализира во декември 2021 и со истата допревме до над 500 фамилии (со над 2300 криснници), а за целиот процес и акции изработивме видео запис со кој ги прикажува сите превземни активности од страна на сите нас вклучените во оваа хумана акција.** https://www.youtube.com/channel/UCJHDqU3ZbVhH-6-pcLo7jiA/videos

## Прием и дистрибуција на донирана храна и хигиенски средства во 2021

Зацртаното во нашата мисија и цел, а тоа е прием, евиденција и дистирбуција на донираната храна и хигиенски средства завзема централно место во секојдневието на нашето работење и постоење како организација.

Во текот на 2021 година, сеуште во време на Ковид 19 криза успеавме да излобирме и поделиме над 350 тони храна и прехранбени производи и дел хигиенски средства до нашите постојани корисници, но имавме можност да споделиме прехранбени пакети и со дел од членките на ВСС Ефект Коалицијата во неколку градови, нови на листата на нашето делување т.е. поддршка на фамилии во социјален ризик и сиромаштија.

***Во овој извештај ќе ги претставиме дел од поддржувачите и акциите во 2021г.***

## Леб, лиснати и сувомесни производи од ЕНВИРУМ Скопје




Проектот “Леб и лиснати производи“ од ЕНВИРУМ Скопје продолжи и оваа 2021 година, проект во чии рамки се опфатени 8 градови (Куманово, Кочани, Струмица, Кавадраци, Битола, Прилеп, Охрид и Скопје) ширум државата и во чии рамки **се вклучени локални партнер организации во тие градови со свои волонтери. Во рамки на овој проект се** реализира донација во висина од над **2.400.000,00 денари** или беа иземени и поделени над **280.000 парчиња** леб и лиснати производи како и сувомеснати произвоиди како дел од новиот асортиман на поддршка до страна на Енвирум Скопје, а кои беа распределени – доделени на над 300 лица во тие градови каде се реализира оваа акција – проект. Како постојани корисници се и Здржението “Порака-Неготино“ и корисниците на Дневниот центар во Волково, за лица со тешка и најтешка ментална попореченост како и РЕТО центарот за одвикнување од дрога и алкохол во с. Батинци.

# Витаминка и ние!




Во текот на 2021 година, особено во екот на продолжение на Ковид 19 кризата Витаминка од Прилеп пак ја покажа својата општествено одговорна улога особено доделувајќи ни огромни количини н производи од нивниот голем асортиман. Поддршката од **Витаминка се состоеше во слатко солени производи кои се споделуваа повеќето во Скопје, Битола, Штип**, **Кавадарци** и дел преку мрежата на Коалицијата и во други градови низ државата. Вкупната количина на донирани прехранбени производи за 2021 **година** износува над **95 тони** во вкупна вредност од над **2.800.000,00 денари**.

## Со наслов "ХУМАНОСТА НЕМА ПРЕПРЕКИ" ТИНЕКС и БХМК во акција




На почетокот од Ковид 19 кризата на наш предлог ТИНКЕС ја прифати идејата на БХМК за востановување на прва Национала Акција за присобирање на помош од граѓаните, нивните муштерии преку платформата на **e-tinex** за однапред одредени хуманитарни пакети помогнати од нивните муштерии кои нарачуваа производи преку он-лине платформата.

За периодот јули – декември 2020 се собраа вкупно 310 пакети или 1.147 кг прехранбени производи, од кои 112 пакети се споделија на 55 семејства во Битола, а останатите беа наменети за 100 семејства во Охрид, кои беа доделени на почетоткот на февруари 2021. Но, ТИНЕКС во 2020 година донираше и огромни количини на други прехранбени производи од над 11.500 кг во текот на целата пандемиска 2021 година.

## “НУЛА ГЛАД ВО МАКЕДОНИЈА“ акција во Центар и Кавадарци

Во текот на 2021 година продолжи акцијата започната уште во 2018 со Општините Центар и Кавадарци, обемот и интензитетот на истата се зголеми во Ковид 19 кризата.

### *Општина Центар*

Во Општина Центар заедно со Градоначалникот Саша Богдановиќ, за периодот јануари – август 2021 се собраа и поделија над 70 тони храна и хигиенски средства. Во новември 2021 се возобнови Меморандумот за соработка и со новиот Градоначалник Горан Герасимовски. Воглавно помошта се споделуваше по веќе однапред подготвените листи на корисници (над 150 фамилии), во одредени периоди се помагаа и над 250 стари и изнемоштени лица, како и четири згрижувачки семејства со грижа за над 25 дечиња. Дел од вишокот храна и прехранбени производи и хигиенски средства како помош и поддршка се сподели и со над 100тина фамилии и поединци кои ја изгубиле својата работа во време на пандемијата од Ковид 19 кризата.




### *Општина Кавадарци*

Не помалку важно се реализираа бројни акции за присобирање и споделување помош на фамилии од Кавадарци и околината. Вредните волонтери од Локалната неформална Банка за храна МК Кавадарци со помош и поддршка од Градоначалникот Митко Јанчев, и локалната бизнис заедница од Кавадраци успеа да собере и сподели над 50 тони храна и прехранбени производи кои стигнаа до крајните корисници, на места каде до тој момент никој не стигнал.

Чекор плус се направи од самата Општина да се формирриа посебна Комисија за социјална помош преку која на транспарентен и брз начин се помагаше на секого во најбрз можен рок.

Новост во 2021 поврзано со работата на БХМК Кавадарци се оебзбедената материјална поддршка за пет нови платени волонтери до страна на Општина Кавадарци вклучени во системот на Банкарство со храна.



## Важни настани во 2021

Активностите на Банката за храна МК во оваа 2021 година го одбележаа и се реализираа следниве проекти и активности кои во голема мерка ја зајакнаа самата организација и капацитетите на истата, со кои можеме да одговориме на секоја зададена задача и да одговориме на секој предизвик на зададената мисија и цел на организацијата.

- Активностите на Банката за храна МК во оваа 2021 година го одбележа привршување на последната фаза (добивме продолжение до 30.06.2021) од споменатиот проект наслов **В-С-С Ефект** - зајакнување на капацитетите и подобрување на надлежностите за вистинско ублажување на (со храна) сиромаштијата поддржан од Европската Унија.
- Обезбедивме двегодишен грант од **Цивка мобилитас** во чии рамки се ангажираа две нови лица за зајакнување на административниот капацитет на организацијата, како и за зајакнување на самата менаџерска структура, какои и можност за стекнување на знаења и вештитни во изградба и етаблирање квалитетна управувачка структура на самата организација.
- Обезбедивме средства во рамки на повикот на Владата на Република Северна Македонија за обезбедување финансиски средства за поддршка на здруженија и фондации 2021 за спарвување со Ковид 19 кризата. Проектот со наслов **"#СТОИМЕЗАЕДНОПРОТИВКОВИД19** за обезбедување на 500 прехранбени пакети за 500 семејства во 8 општини - Скопје, Велес, Куманово, Штип, Битола-Новаци, Делчево и Кавадарци.
- Во оваа 2021 година придобивме нови општини кои се вклучија во системот на Банкарство со храна – Општина Штип, Општина Новаци и Општина Јегуновце.
- Активно учествувавме на дводневниот настан на Цивика мобилитас – Форум на граѓанските организации и Ден на граѓански организации (септември 2021)
- учествуваме и на завршетокот на проектот **Собирање на податоци и Дигитална Трансформација "Квантитатвен импакт на Европските Банки за храна – од фарма до виљушка"** во Брисел (ноември 2021), проект на ФЕБА поддржан од Европската Унија
- Во оваа година се зголеми бројот за седум нови волонтери воглавном студенти од УКИМ во Скопје, како и пет платени волонтери во БХМК Кавадарци.
- На наша иницијатива се реализира заедничка средба на Банките за храна од Босна и Херцеговина, Федерацијата на банки за храна Србија, Банката за храна Македонија и како домаќин Банката за храна Ниш, каде се поставија основите за една Платформа на Балаканските Банки за Храна.
- Учествуваме на првата Регионална Конференција со наслов "Банките за храна како механизам за одржливо управување со вишоците храна" во организација на Банка за храна Ниш, во Ниш, Република Србија ( јули 2021)

# Персонал и Управувачки тела на Банка за храна МК

***Членови на Храна за сите – Банка за храна МК:***

- Душко Христов, Претседател
- Душко Томашевски, Извршен Секретар
- Кате Т. Наумческа, член на ИО
- Проф.Др. Влатко Андоновски  Меѓународен Координатор
- Дитурије Речи, член на ИО

***Извршната канцеларија на Банката за храна МК се состои од:***

- Душко Христов, Претседател
- Светлана Христова, Административен асистент во БХМК
- Маја Поповска, Волонтерка
- Надица Христова, Волонетрка
- Јоана Манојловска, Волонтерка
- Христијан Христов, Волонтер
- Роберто Паризов, Вололнтер во Кавадарци (БХМК)
- Александара Бојкова Паризова, Вололнтерка во Кавадарци (БХМК)
- Јулијана Наумовска, Волонтерка во Битола (БХМК)
- Васко Наумовски, Волонтер во Битола (БХМК)
- Маја Глигороска, Волонтерка во Охрид (БХМК)
- Борис Шарковски, Волонтер во Штип (БХМК)
- Ивана Штериова, Волонтерка во Штип (БХМК)

# Донатори и буџет за 2021

*Финансирањето во 2021 година се реализираше од следните донатори:*

- Европска комисија и Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија
- Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) – Цивика мобилитас
- Европска федерација на Банки за храна - ФЕБА
- Мисијата на Баптистичката Црква од Соединетите Американи Држави во Македонија – ЦБФ Македонија
- ЕНВИРУМ  ДООЕЛ Скопје
- Витаминка Прилеп
- ТИНЕКС МТ Скопје
- ТРГОЈУГ Скопје
- Бројни приватни донатори ( Сити Плаза, ЛИМАКО, Кат-Костов, итн.)

Вкупниот буџет (околна сума) за 2021 година изнесува над **10.000.000,00 МКД**

Завршната сметка за 2021 година ќе биде приложена како Анекс на годишниот извештај за 2021 после поднесување на истата до УЈП.

***Ја користиме оваа можност да им се заблагодариме на СИТЕ наши донатори за нивната поддршка во текот на годините.***

ЕМБС: 06673686
Целосно име: Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2021

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **201** | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 1.195.292,00 | | | 3.710.952,00 |
| **202** | - - Потрошени материјали | 570.023,00 | | | 2.328.416,00 |
| **203** | - - Потрошена енергија | 26.000,00 | | | 68.000,00 |
| **204** | - - Други услуги | 412.003,00 | | | 949.533,00 |
| **205** | - - Превозни и транспортни услуги | 9.600,00 | | | 150.000,00 |
| **206** | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 12.075,00 | | | 78.300,00 |
| **209** | - - Наемнини | 154.967,00 | | | 132.000,00 |
| **210** | - - Други материјални расходи | 10.624,00 | | | 4.703,00 |
| **211** | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 7.287.478,00 | | | 9.800.756,00 |
| **212** | - - Провизија за платен промет | 26.582,00 | | | 28.119,00 |
| **213** | - - Камати на кредити и заеми | | | | 270,00 |
| **215** | - - Дневници за службено патување | | | | 12.900,00 |
| **216** | - - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 184.500,00 | | | |
| **217** | - - Негативни курсни разлики | 17.496,00 | | | 2.499,00 |
| **218** | - - Членарини | | | | 550,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **219** | - - Други расходи | 1.553.232,00 | | | 1.943.997,00 |
| **221** | - - Пренесени средства | 5.505.668,00 | | | 7.812.421,00 |
| **222** | - - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225) | 1.031.906,00 | | | |
| **223** | - - Средства за градежни објекти | 207.158,00 | | | |
| **224** | - - Средства за опрема | 466.500,00 | | | |
| **225** | - - Други капитални средства | 358.248,00 | | | |
| **230** | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 1.427.999,00 | | | 384.010,00 |
| **231** | - - а) Вкалкулирани плати | 1.427.999,00 | | | 384.010,00 |
| **235** | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 10.942.675,00 | | | 13.895.718,00 |
| **236** | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 4.263.490,00 | | | 303.686,00 |
| **238** | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 4.263.490,00 | | | 303.686,00 |
| **239** | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 15.206.165,00 | | | 14.199.404,00 |
| **243** | - - Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 4.779,00 | | | |
| **244** | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 12.912.450,00 | | | 9.935.914,00 |
| **248** | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 2.288.936,00 | | | 4.263.490,00 |
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 15.206.165,00 | | | 14.199.404,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 15.206.165,00 | | | 14.199.404,00 |
| **438** | - - Број на работници | 2,00 | | | 1,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 1.026.436,00 | 1.076.806,00 | 109.110,00 | 967.696,00 |
| **3** | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до | 819.278,00 | 869.648,00 | 109.110,00 | 760.538,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 007) | | | | |
| 4 | - - Земјишта и шуми | 358.248,00 | 358.248,00 | | 358.248,00 |
| 6 | - - Опрема | 461.030,00 | 511.400,00 | 109.110,00 | 402.290,00 |
| 8 | - - МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ПОДГОТОВКА | 207.158,00 | 207.158,00 | | 207.158,00 |
| 10 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 4.507.699,00 | 1.095.686,00 | | 1.095.686,00 |
| 11 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 4.503.906,00 | 1.093.662,00 | | 1.093.662,00 |
| 12 | - - Жиро сметка | 2.943.884,00 | 534.924,00 | | 534.924,00 |
| 14 | - - Девизна сметка | 1.560.022,00 | 558.738,00 | | 558.738,00 |
| 23 | - - ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ | 2.024,00 | 2.024,00 | | 2.024,00 |
| 24 | - - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027) | 1.769,00 | | | |
| 25 | - - Однапред платени разграничени трошоци | 1.769,00 | | | |
| 28 | - - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034) | | 138.028,00 | 138.028,00 | |
| 31 | - - Ситен инвентар | | 138.028,00 | 138.028,00 | |
| 42 | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 5.534.135,00 | 2.310.520,00 | 247.138,00 | 2.063.382,00 |
| 44 | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 1.026.436,00 | | | 967.696,00 |
| 45 | - - Деловен фонд | 1.026.436,00 | | | 967.696,00 |
| 51 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061) | 244.209,00 | | | 792.000,00 |
| 53 | - - б) Добавувачи | 4.500,00 | | | |
| 55 | - - г) краткорочни финансиски обврски | | | | 760.000,00 |
| 61 | - - Обврски за плати | 239.709,00 | | | 32.000,00 |
| 62 | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 4.263.490,00 | | | 303.686,00 |
| 64 | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 4.263.490,00 | | | 303.686,00 |
| 69 | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 5.534.135,00 | | | 2.063.382,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **676** | - - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 1.458.230,00 | | | 1.644.923,00 |
| **680** | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 945.095,00 | | | 258.960,00 |
| **681** | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 392.688,00 | | | 108.018,00 |
| **682** | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 83.064,00 | | | 17.520,00 |
| **687** | - - Приходи од позитивни курсни разлики (< или = на АОП 243 од БПР) | 4.779,00 | | | |
| **691** | - - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР) | 12.912.450,00 | | | 9.934.205,00 |
| **692** | - - Приходи од други извори(< или = на АОП 244 од БПР) | | | | 1.709,00 |
| **695** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 2,00 | | | 1,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 4.263.490,00 | | | 303.686,00 |
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 4.263.490,00 | | | 303.686,00 |
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 4.263.490,00 | | | 303.686,00 |

## Структура на приходи по дејности

| знака за АОП | | Пр ходна година | Бруто за тековна година | Ис равка на вредноста за тековна година | Не о за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **2598** | - 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место | | | | 14.199.404,00 |

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

# Контакт


**ХРАНА ЗА СИТЕ – БАНКА ЗА ХРАНА МК**

ул. Руди Чајавец 35/3 , П.ФАХ 219 , 1000 Скопје

канцеларија: ул. 3та Македонска бригада 48А 1000 Скопје

Web: www.bankazahrana.org

www.wsseffectmk.org

**@BANKAZAHRANAMK**

Тел: +389.70.34.36.36